Република Србија
ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ
СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ
ОПШТИНСКА УПРАВА
Број:208-17/2017-03-IV
Дата: 03 03 2017
П Л А Н Д И Ш Т Е
Војводе Путника 38

Општинската управа на општина Пландиште, врз основ на членот 5.,14.,15. и 21. од Законот за единствениот избирачки список («Сл. гласник РС», бр. 104/2009 и 99/2011) и точката 3., 9. 10. од Упатството за спроведување на Законот за единствениот избирачки список («Сл.гласник РС», бр. 15/2012)

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ

**Р а с п и ш а н и** се изборите за претседател на Република Србија, на 02 април 2017 година.

1. Граѓаните можат да извршат увид во избирачкиот список секој работен ден во време од 07,00 до 15,00 часот и во сабота од 08,00 до 12,00 часот во зградата на општината Пландиште - канцеларија број 1;
2. Избирачкиот список се заклучува на 17 март 2017 година;
3. До 17 март 2017 година граѓаните можат да поднесат барање за упус, бришење, измена, исправка или дополнение на податоците во избирачкиот список;
4. Упис во бирачкиот список можат да побараат и интерно раселените лица, според местото во кое што се пријавени да престојуваат;
5. Лицата кои на ден на изборите навршуваат 18 години, можат да поднесат барање за упис во избирачкиот список;
6. После 17 март 2017 година граѓаните можат да поднесат барање за промена во избирачкиот список во Министерството за државна управа и локална самоуправа. Барањето се поднесува непосредно до Министерството, или преку општинската управа според местото на живеење на подносителот на барањето, односно според местото на престојот за интерно раселените лица;
7. Граѓаните можат најкасно пет дена пред заклучувањето на избирачкиот список (11 март 2017) да поднесат до општинската управа Пландиште на чија територија имаат живеалиште, барање да во избирачкиот список се упише податок да на претстоечките избори **за претседател на Република Србија** гласаат според местото на живеалиште во земјата (избрано место на гласање).
8. Барање за запишување на податоци дека избирачот на претстоечките избори ќе гласа во странство според местото на живеалиште во странство, се поднесува во општинската управа на чија територија бирачот има живеалиште во земјата или преку дипломатското-конзуларно претставништво на Република Србија во странство.

НАЧАЛНИК НА ОПШТИНСКАТА УПРАВА
Александра Одавиќ Мак, дипл. правник
Odavić Mak Aleksandra